WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво за осигурување
**ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје**

Мај 2019

**ДО: Сите заинтересирани страни**

**ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА УСЛОВИ ЗА КОМБИНИРАНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА - КАСКО**

Почитувани,

Ве известуваме дека објавениот пречистен текст на Условите за комбинирано осигурување на моторни возила - каско е врз основа на измените и дополнувањата со цел законско доусогласување на текстот на истите.
Измените и дополнувањата на Условите за комбинирано осигурување на моторни возила - каско се донесени со одлука на Управниот одбор на ВИНЕР Виена Иншуренс Груп АД Скопје број 7102/0202/1/19 од 16.05.2019 година како што следи:

## 6. Услови за комбинирано осигурување на моторни возила – каско

Во Условите за комбинирано осигурување на моторни возила - каско, донесени во Јануари 2018 година,

**Во член 16 ставот 1) точката 17 се менува и гласи:**

### 17. Земјотрес

Осигурително покритие од разорно дејство на земјотрес, кој со своето **разорно** дејство ги оштети или уништи осигурените предмети, при што разорното дејство на земјотрес се смета доколку земјотресот бил со интензитет од 5 (пет) и повеќе степени според Европската Макросеизмичка Скала (ЕМС) за мерење на степенот на интензитетот на земјотресот.

Не се смета за осигурен случај сите земјотреси кои се со интензитет помали и послаби од 5 (пет) степени според Европската Макросеизмичка Скала (ЕМС).
Осигурителното покритие се однесува и на пожар и експлозија настаната како последица на земјотрес.
Земјотреси од исти епицентар, кои претходат на главниот удар и во фаза на смирување на тлото после главниот удар, претставува еден штетен настан. Под еден штетен настан се подразбираат сите движења поместувања на тлото кои се манифестираат во рамките на 168 часовен интервал од моментот на првото регистрирање на земјотресот.

Земјотресот мора да биде сеизмографски регистриран:
1. Степенот на интензитетот на местото на осигурените предмети се цени спрема последиците на рушење (разорување) дефинирани во Европската Макросеизмичка Скала (ЕМС).
2. Доколку степенот на интензитетот не може со сигурност да се оцени, особено околу границите на 5 (пет) степени, тогаш е Осигурувачот во обврска да обезбеди доказ од надлежната институција.

Опфатени се директни материјални штети како последица на земјотресот настанати на возила осигурени по каско осигурување со вклучен ризик земјотрес.

Не се опфатени индиректни материјални штети како последица на земјотресот и тоа:

1) трошоците направени за расчистување;
2) намалена естетска вредност на осигуреното возило (мала гребнатина).

Со почит,

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР- Виена Иншуренс Груп Скопје**